# Идентификација за гласање

Доколку **имате** гласачка картичка треба да покажете еден документ за идентификација на ваше име.

**Најчесто користени документи за идентификација:**

- Канадски пасош
- Кредитна или дебитна картичка
- Возачка дозвола издадена во Онтарио
- Здравствена картичка издадена во Онтарио

Доколку **немате** гласачка картичка треба да покажете еден документ за идентификација со вашето име и адреса.

**Најчесто користени документи за идентификација:**

- Академски препис на оценки
- Извод од банка
- Возачка дозвола издадена во Онтарио
- Сметка од комуналии

Документот за идентификација **може** да се прикаже на мобилен уред.

Документ за идентификација со фотографија **не** е потребен.

**Не** се прифаќаат меѓународни документи за идентификација или картички за постојано жителство.